| SOCOTAB Leaf tobacco | | | |
|---|---|---|---|
| **Наслов** | **ПРОЦЕДУРА ЗА ЕКСТРЕМЕН ПРЕКРШОК** | |  |
| **Тип на документ** | **Политика за одржливост на Групацијата** | **Документ бр.** | |
| **Ревизија бр.** | | **Важи од:** | |
| **Составен од:** | **МГА** | **Одобрено од:** | |

| | |
|---|---|
| **1. ДЕФИНИЦИЈА** | Екстремните прекршоци се дефинираат како ситуации каде што постои сериозен ризик по животот, екстремитетите или слободата на индивидуалниот носител на правата преку намерни дејствија од други. Овие прекршоци претежно се однесуваат на принудна работа, ропство, трговија со луѓе, тешка и систематска злоупотреба и на најлошите форми на детски труд. |

| | |
|---|---|
| **2. ЦЕЛ** | Да се дефинира и документира процесот на преземање дејствија за ситуациите кои се категоризираат како Екстремни прекршоци, со цел да се обезбеди транспарентно и ефективно управување со таквите прашања и назначување конкретни дејствија на конкретно лице задолжено за извршување на потребните активности сè додека не се разрешат и додека не се издаде конечно решение. |

| | |
|---|---|
| **3. ОПСЕГ** | Идентификување, управување и решавање на ситуации кои се категоризираат како екстремни прекршоци. Упатството ги опфаќа сите ситуации кои се појавуваат при работните активности на фармата. |

| | |
|---|---|
| **4. УСЛОВИ И КРАТЕНКИ** | **СЕП** – Ситуации на екстремни прекршоци.<br>Локален тим за одржливост – генерален директор, директор за финансии и администрација, менаџер за човечки ресурси, менаџер за производство, менаџер по тутунов лист и агрономија, менаџер за оперативна усогласеност и безбедност, менаџер за комерцијални услуги. |

| | |
|---|---|
| **5. ПОВРЗАНИ КОДЕКСИ** | • Кодекс за ЗТП.<br>• Список на идентификувани екстремни прекршоци на фармата. |

| | |
|---|---|
| **6. ЗАПИСИ** | • Формулар за известување за екстремен прекршок. |

| | |
|---|---|
| **7. ОПИС НА ДЕЈСТВОТО** | **7.1 ОДГОВОРНОСТИ**<br>**Координаторот за ЗТП** е одговорен за обука на теренскиот персонал за процесот на екстремни прекршоци и утврдување на нивно целосно разбирање, така што да биде соодветно спремен за правилно спроведување со сите засегнати страни.<br>Исто така, одговорност на координаторот на ЗТП е да се залага сите потребни информации да се собрани/регистрирани во Формуларот за известување за екстремни прекршоци и пратени по е-пошта за да се осигура дека сите засегнати страни биле информирани и дека ги разбираат нивните должности.<br>**Специјалистот по тутунски лист** е одговорен за идентификување на ситуации за екстремни прекршоци на фармите, како и за спроведување на акционите планови каде што е потребно како што е утврдено во Формуларот за известување за екстремни прекршоци.<br>**Локалниот тим за одржливост** е одговорен за обезбедување насоки, распределба на соодветни ресурси, верификација и валидација на приоритетите и акциските планови за справување со ситуации на екстремни прекршоци и за соработка со надворешни засегнати |

страни. Највисокиот менаџмент го надгледува прегледувањето на ескалираните ситуации, одредувањето алтернативи и усогласување на конечната одлука за решавање на проблемот.

**7.2 ПРОЦЕС**

Процесот на управување со ситуации и ставки за акција се состои од шест чекори:



### 7.3 ИДЕНТИФИКАЦИЈА

Идентификацијата на проблемот се јавува при посети на фармата. СТЛ ги проверува сите делови на теренот и посветува особено внимание на потенцијалниот проблем со екстремен прекршок што треба да се реши, врз основа на дефинициите на СЕП.

*Примери на претходно дефинирани СЕП, но не ограничувајќи се на:*

- Ангажирани деца помали од 15 години.
- Сексуална злоупотреба.
- Ропство.
- Трговија со луѓе.

### 7.4 ВАЛИДАЦИЈА И ПРАВЕЊЕ ПРИОРИТЕТИ

И покрај тоа што заштитата на поединецот под принуда е примарна цел, за време на фазата на валидација, СТЛ треба да ги собере сите достапни информации, а да не се соочува со сторителот под никакви околности. Примарните причини се тоа што тој/таа може да биде дел од криминална активност, да претставува опасност за техничарот или да го стави поединецот во понатамошен ризик од опасност по животот, екстремитетите или слободата.

### 7.5 ЕСКАЛАЦИЈА

Во случаи кога има сомнение за СЕП, кои обично вклучуваат правно-криминални ситуации, СТЛ прво треба да го повика координаторот на ЗТП за да ја претстави сомнителната ситуација. Ако ситуацијата се идентификува како екстремен прекршок, координаторот на ЗТП ќе му помогне на СТЛ да ги внесе прелиминарните информации што ги собрал **во формуларот СЕП во првите 6 часа** од сознанието за инцидентот.

Координаторот на ЗТП е одговорен за следење на случајот за СЕП и за известување директно до повисокото раководство, **во рок од 72 часа** и тоа следејќи ја хиерархијата подолу:




### 7.6 СЛЕДЕЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ

Акцискиот план што треба да се спроведе ќе биде предложен од Локалниот тим за одржливост, но придонесот и/или одобрението се очекува да стигнат до ниво на извршен

директор **во рок од 7 дена**. Акцијата за санација ќе се развива **во рок од 7 дена** по одобрувањето од повисокото раководство.

Координаторот на ЗТП треба да ја следи санацијата со соодветните страни, на начин на кој ќе утврди повисокото раководство.

Резултатите од преземените активности координаторот на ЗТП треба да ги пријави до целата група **во рок од 14 дена**, како што е прикажано на табелата за ескалација.

- За време на ревизиската посета(и), координаторот на ЗТП го потврдува статусот на договорениот акциски план и дали ситуацијата е решена. После тоа, ако следниве услови се исполнети, СЕП може да се затвори:
- не беше забележано повторување за време на ревизиската посета, договорениот акциски план беше спроведен и координаторот на ЗТП верува и документира зошто смета дека таква ситуација веројатно нема да се случи повторно на истата фарма.




## 7.7 РЕШЕНИЕ И ЗАТВОРАЊЕ

По конечната одлука донесена за СЕП, координаторот на ЗТП треба да ја затвори со документирање на следните информации во формуларот за СЕП: статусот на договорениот акциски план, датумот на ревизиската посета, датумот на затворање и причини поради кои координаторот на ЗТП верува дека таквата ситуација веројатно нема да се случи повторно на истата фарма.

## 7.8 РЕВИЗИЈА НА ДОГОВОРОТ

Доколку се докаже вината на земјоделецот во случај на СЕП, неговиот договор нема да биде обновен за следната производна сезона.

Непродолжувањето на договор поради СЕП ќе биде документирано.

**ДОКУМЕНТ ЗА ИНТЕРЕН ИЗВЕШТАЈ**

**СИТУАЦИЈА НА ЕКСТРЕМЕН ПРЕКРШОК**

| | |
|---|---|
| **ДО:** | Извршен директор |
| **КОПИРАЈ НА:** | Локален тим за одржливост и Тим за одржливост на групацијата |
| **ОД:** | Координатор на ЗТП |
| **ДАТУМ:** | |
| **ПРЕДМЕТ:** | |

**ЛОКАЛЕН ТИМ ЗА РЕВИЗИЈА**

Координатор на ЗТП:
Главен агроном:
Менаџер по тутунски лист/откуп:

**ДЕТАЛИ ЗА РЕВИЗИЈАТА**

Објаснете ја ситуацијата со одговарање на „Што? Кога? Каде? Зошто? Кој?"
Кој друг е информиран за ситуацијата?
Дали полицијата е запозната со ситуацијата?

**РЕВИЗИЈА ОД МЕНАЏМЕНТ – ИДНИ ЦЕЛИ И ОДГОВОРНОСТИ**

**ИЗВРШЕН ДИРЕКТОР:**

**Потпис:**

**Конечен статус**

| |
| --- |
| |